Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), како и врз основа на член 25 став 2 и став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 и 10/15) бминистерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по *иновации* за IX одделение на деветгодишното основно образование.

.

НАСТАВНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ИНОВАЦИИ

IX ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО
ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, март 2015 година

# 1. ВОВЕД

Наставата по предметот ***иновации*** им овозможува на учениците развивање на иницијативноста и креативноста, претприемачкиот дух и иновативното размислување преку стекнување на знаења и вештини од областа на иновациите и претприемништвото. Со наставната програма се овозможува кај учениците да се развиваат општите компетенции, како што се: самоосознавање, креативност, иницијативност, генерирање на идеи, самодоверба, тимска работа, како и основните вештини од областа на продажбата и финансиската писменост, а со единствена цел за развивање на иновативното размислување и отвореност за самоизградување, инвентивност, желба за остварување на своите идеи, користење на можностите, способност за носење на независни одлуки, преземање на ризик и сл. Оспособеноста на учениците за иновативно однесување ќе им користи не само во нивниот секојдневен живот во домот и општеството, туку и во процесот на работата како активни чинители во националната економија. Со тоа ќе станат посвесни за контекстот на работата, ќе бидат способни да ги користат можностите, ќе се стекнат со поспецифични вештини и знаења кои придонесуваат во социјалните и работните активности.

**Одделение на изучување на наставниот предмет:** деветто одделение

**Број на часови на наставниот предмет:**

- Број на часови неделно: 1 час
- Број на часови годишно: 36 часа

**Статус на наставниот предмет:** задолжителен

# 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА

Ученикот/ученичката:

- да знае да ги идентификува економските можности во Република Македонија и пошироко;
- да знае ги идентификуваат вештините, квалитетите и амбициите на претприемачот неопходни за успех во светот на бизнисот;
- да се запознае со значењето на професионалниот и кариерниот развој;
- да се запознае со важноста на иновациите и со основните поими поврзани со претприемништвото;
- да се запознае со основните производствени и услужни процеси;
- да се запознае со основните инструменти на маркетингот;
- да усвојува основни поими од финансиското работење;
- да развива чувство за самокритичност и самодоверба;
- да развива дух за тимска работа;
- да се оспособува да ги презентира своите идеи и проектни задачи.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема 1: Развој на личен профил – Кој е претприемач? (6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги идентификува своите интереси и амбиции за во иднина;<br>- да може да развие личен профил, да ги опише своите вештини, квалитети, интереси и амбиции;<br>- да се запознае со поимот претприемач;<br>- да идентификува кариерни можности коишто најдобро одговараат на своите вештини и таленти;<br>- да ја разбира личната, социјалната и финансиската придобивка од работењето;<br>- да идентификува различни работни позиции;<br>- да идентификува различни кариерни можности;<br>да знае да подготви кратка биографија (CV). | - Интереси и амбиции<br>- Личен профил<br>- Претприемачки компетенции – вештини и однесувања<br>- Кариерни можности<br>- Извори на информации за кариера<br>- Кратка биографија | - Претприемач<br>- Претприемачки вештини и однесувања<br>- Кариерни можности<br>- Кратка биографија (CV) | - Дискусија за личните интереси и амбиции на учениците за во иднина.<br>- Дискусија „Кој е претприемач?“.<br>- Вежба: Презентирање на профил на успешен претприемач (домашен или меѓународен, како Бил Гејтс, Марк Цукерберг, Стив Џобс, Ричард Брансон и др.)<br>- Вежба: Подготовка на кратка биографија (CV).<br>- Гостин предавач – претприемач.<br><br>- Корисни линкови:<br>http://www.nfte.com/<br>http://www.computerclubhouse.org/<br>http://education.mit.edu/<br>http://www.careers-advice-online.com/career-development-tools.html<br>http://associationdatabase.com/aws/NCDA/pt/sp/resources |

| Тема 2: Претприемачка околина – Кои се можностите? (5 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознае со поимите глобализација и економски можности;<br>- да се запознае со поимите претприемништво и претприемачки процес;<br>- да се запознае со карактеристиките на претприемачот;<br>- да ја разбира улогата и придонесите на претприемачот во локалната заедница и во општеството. | - Глобализација<br>- Поим и значење на претприемништвото<br>- Претприемачки процес<br>- Карактеристики на претприемачот | - Претприемачка околина<br>- Глобализација<br>- Претприемништво<br>- Претприемачки процес | - Дискусија за разбирање на претприемачката околина во смисол на економските можности во Република Македонија и пошироко.<br>- Дискусија за поимите претприемач, претпријатие, претприемништво и претприемачки процес.<br>- Вежба: Прикажување на примери на успешни претприемачи и дискусија за нивните карактеристики и видовите на иновативни потфати коишто ги презеле.<br>- Вежба: Изработка на статија за претприемач од локалната заедница со дефинирање на фазите од претприемачкиот процес, издвојување на карактеристиките, иновативните потфати, како и околината во која функционира неговото претпријатие и влијанието врз неа.<br>- Гостин предавач – претприемач.<br><br>Корисни линкови:<br>https://www.juniorachievement.org/web/ja-usa/home<br>http://www.kauffman.org<br>http://veinternational.org/<br>http://web.extension.illinois.edu/goingsolo/<br>http://www.bcf.org.cn/english/index.asp<br>http://www.entre-ed.org/ |

| Тема 3: Производствени и услужни процеси - Создавање на вредност (7 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги распознава потребите и можностите за бизнис;<br>- да се запознае со поимите креативниост, инвентивност и иновации;<br>- да ги разбере иновациите како основа за економскиот развој.<br>- да се запознае со основните фактори на производството;<br>- да се запознае со основните видови производствени и услужни процеси;<br>- да знае да користи техники за генерирање и селекција на идеи;<br>- да знае да користи различни техники за развој на претприемачки идеи. | - Потреби<br>- Барање можности за бизнис<br>- Креативност, инвентивност и иновации<br>- Фактори на производство<br>- Видови на производствени и услужни процеси<br>- Производи и услуги<br>- Развој на претприемачки идеи | - Можност<br>- Иновации и креативност<br>- Бизнис<br>- Фактори на производство<br>- Производ<br>- Услуга<br>- Процес (производствен и/или услужен)<br>- Претприемачка идеја | - Дискусија за развивање на идеи за нови производи или услуги.<br>- Дискусија за потребите и можностите за започнување на бизнис.<br>- Дискусија за видови на производствени и услужни процеси.<br>- Вежба: Изработка на дизајн/скица на некој нов производ.<br>- Вежба: Да се опише производствен или услужен процес.<br>- Посета на производствена фирма во околината на училиштето.<br><br>Корисни линкови:<br><br>http://www.sciencekids.co.nz/<br>http://www.sciencespot.net/Pages/kdztech.html<br>http://www.educateip.org/index.php/curriculum<br>https://youthentrepreneurs.org/<br>http://www.curriculumsupport.education.nsw.gov.au/secondary/technology/index.htm |

| Тема 4: Основи на финансиска писменост, маркетинг и продажба (12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ја распознава вредноста на парите;<br>- да ја сфати важноста од правилното управување со парите;<br>- да идентификува колку чинат производите и услугите;<br>- да идентификува сопствени и туѓи извори на финансирање;<br>- да се запознае со основните елементи на буџетирањето;<br>- да ја разбере придобивката од буџетирањето;<br>- да може да ги процени резултатите од финансиската одлука;<br>- да се запознае со поимот маркетинг;<br>- да се запознае со основните инструменти на маркетингот;<br>- да осознае и да користи различни маркетинг активности;<br>- да ја осознае моќта на сегашните и идните алатки на маркетингот (интернет, социјалните медиуми и сл.);<br>- да се запознае со различните видови на продажба. | - Поим за пари<br>- Поим за финансии и финансирање<br>- Извори на финансирање (сопствени и туѓи извори)<br>- Буџет и буџетирање<br>- Улога и суштина на маркетингот<br>- Основни инструменти на маркетингот<br>- Продажба | - Пари<br>- Финансирање<br>- Буџет<br>- Приход<br>- Трошоци<br>- Профит<br>- Калкулација<br>- Маркетинг<br>- Производ<br>- Цена<br>- Промоција<br>- Интернет маркетинг<br>- Дистрибуција<br>- Продажба | - Дискусија: „Зошто парите се важни?“<br>- Дискусија и презентирање за основните финансиски поими.<br>- Вежба: едноставна калкулација на трошоци, приходи и профит.<br>- Презентирање и дискусија за начините на плаќање.<br>- Вежба: изработка на едноставни буџети (семеен буџет, буџет за определен проект на одделението, буџет на училиштето и сл.)<br>- Презентирање и дискусија на основните инструменти на маркетингот.<br>- Вежба: Дизајн на пакување за производот.<br>- Вежба: Изработка на рекламни кампањи за производот/услугата.<br>- Вежба: Користење на интернет маркетинг за производи/услуги.<br>- Вежба: (играње на улоги): купувач – продавач и дискусија<br><br>Корисни линкови:<br>http://accountingwhizkid.com/<br>http://www.ehow.com/info_12003624_accounting-activities-kids.html<br>http://www.practicalmoneyskills.com/<br>http://moneyasyougrow.org/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | http://www.usmint.gov/kids/teachers/financialliteracy/<br>http://www.makingcents.com/<br>http://www.marketplaceforkids.org/<br>http://www.mckelveyfoundation.org/entrepreneurial/<br>http://prairieecothrifter.com/2012/08/teach-children-sell.html<br>http://www.bhsacademy.biz/<br>http://www.youthtrade.com/ |

| Тема 5: Развој на комуникациските вештини – Што научив? (6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да знае да ги презентира утврденото знаење и своите вештините пред другите;<br>- да знае да соработува со другите (наставниците, соучениците, родителите, бизнисмените и сл.) при споделувањето и развивањето на своето претприемачко знаење и интересот за пошироката заедница;<br>- да знае да се поврзе со други училишта/индивидуалци за да истражува што научиле други млади лица низ процесот на претприемачкото учење;<br>- да знае да го претстави својот личен развој, амбициите и зацртаните цели за во иднина (пред соучениците, наставниците, родителите, заедницата и др.) | - Колку е важно да се биде претприемач, лично и економски<br>- Претприемачко учење<br>- Тимска работа<br>- Организирање на настан<br>- Презентирање на наученото | - Планирање<br>- Организирање<br>- Имплементација и менаџмент на настан<br>- Тимска работа<br>- Презентирање | - Дискусија како рефлексија за наученото во текот на учебната година, вклучувајќи го развојот на претприемачкото знаење, вештините и однесувањата.<br>- Вежба: Планирање и организација на саеми на ракотворби, продажба на цртежи, презентација на дела на учениците, хуманитарни случувања и сл. (во координација со други предмети и важни настани за училиштето).<br>- Посета на саеми и дискусија за воочените иновативни производи. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

За успешно реализирање на целите од предметот ***иновации*** се препорачува планирање, организирање и реализирање на часовите во рамките на годишниот фонд на часови со обем од 36 часа, и тоа за давање упатства за работа, општи насоки и објаснување поими, принципи, цели, методологија на работа, извори на информации, инструменти за истражување, користење на податоци, техники на презентирање, можност за соработка, како и за групна работа, вежби, проектна работа, истражување на терен, посета на локални компании, саеми, покана на гости во училиштето, учење преку соработка, студија на случај, решавање на проблем и сл.

При реализацијата на содржините треба да се мотивира ученикот земајќи примери од непосредната околина или реализирајќи ги содржините во услови кои се адекватни на проблематиката што се обработува.

Планирањето, организацијата и реализацијата на предметот ***иновации*** треба да ги содржи најсовремените техники и методи во полето на образовната технологија, особено во делот на примената на информатичко-комуникациските технологии (ИКТ).

Препораки за користење на годишниот фонд на часовите за секоја предвидена тема:

1. Развој на личен профил – Кој е претприемач? (6 часа)
2. Претприемачка околина – Кои се можностите? (5 часа)
3. Производствени и услужни процеси - Создавање на вредност (7 часа)
4. Основи на финансиска писменост, маркетинг и продажба (12 часа)
5. Развој на комуникациските вештини – Што научив? (6 часа)

Од предвидениот вкупен фонд на часови по наставните теми дозволени се мали отстапувања во согласност со знаењата на учениците, нивната претходна подготовка за работа со компјутер, дополнителната опрема со која располага училиштето, соработката со бизнис заедницата и локалната самоуправа, расположливоста со дополнителните наставни материјали и сл.

За поуспешна реализација на целите на програмата, наставата ќе се реализира со користење на наставни средства и помагала: компјутерска опрема, LCD проектор, ТВ, образовни софтвери, дигитални содржини, подготвени тестови, случаи, Интернет, социјални медиуми и др.

Литературата потребна за реализација на наставата е учебник, прирачници, наставни помошни материјали, списанија, публикации, информации од Интернет и др.

## 5. СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

| Тема 1: Развој на личен профил – Кој е претприемач? | |
|---|---|
| **ПОМНЕЊЕ** | Ученикот/ученичката:<br>• ги познава основните придобивки од кариерниот развој;<br>• познава опсег на кариери/работни места коишто му/ѝ се достапни;<br>• познава кариерни можности и нивните придобивки за заедницата;<br>• го познава поимот претприемач;<br>• ги познава основните елементи за креирање на кратка биографија (CV);<br>• ги познава личните интереси и вештини како предуслов за идентификување на кариерни можности. |
| **РАЗБИРАЊЕ** | • ја разбира личната придобивка од кариерниот развој;<br>• дава примери за социјалната придобивка од кариерниот развој;<br>• дава примери за финансиската придобивка од кариерниот развој;<br>• објаснува кои се можностите што ги нудат одредени работни места;<br>• дава примери за успешни претприемачи;<br>• дава примери за кариерни можности коишто одговараат на нивните афинитети;<br>• разликува извори на информации за кариерни можности. |
| **ПРИМЕНА** | • употребува новоусвоени знаења при описот на одредени кариери/работни места;<br>• употребува новоусвоени изрази и поими при креирањето на кратка биографија (CV);<br>• зборува за своите лични интереси и вештини и за изборот на кариерата којашто одговара на тие квалитети;<br>• употребува извори на информации за опис на успешен претприемач;<br>• употребува извори на информации за опис и избор на кариери/работни места. |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | • анализира и разменува информации за избор на кариера/работно место;<br>• пополнува формулар со основните лични податоци;<br>• пишува краток текст за лично претставување;<br>• издвојува, анализира и презентира информации за успешни претприемачи;<br>• самостојно донесува заклучоци за важноста од личен и професионален развој. |

| Тема 2: Претприемачка околина – Кои се можностите? | |
|---|---|
| **НИВО** | **СТАНДАРДИ** |
| **ПОМНЕЊЕ** | Ученикот/ученичката:<br>• ги познава основните поими: глобализација и економски можности;<br>• ги познава основните поими: претприемништво, претприемачки процес и околина;<br>• ги познава и ги искажува основите на претприемачкиот процес;<br>• ги познава и ги искажува основните претприемачки карактеристики и однесувања;<br>• ја познава улогата на претприемачот во локалната заедница и во општеството. |
| **РАЗБИРАЊЕ** | • поврзува поими во контекс на претприемачката околина;<br>• поврзува поими во контекс на претприемач и претприемништво;<br>• ги опишува и објаснува основните фази на претприемачкиот процес;<br>• ги опишува и објаснува основните особини на претприемачкот;<br>• ја разбира улогата и придонесот на успешниот претприемач во локалната заедница и општеството. |
| **ПРИМЕНА** | • применува новоусвоени поими и изрази од областа на претприемништвото;<br>• употребува извори на информации за дискусија за успешен претприемач (домашен или меѓународен);<br>• презентира конкретни примери за успешни претприемачи (домашни и меѓународни);<br>• презентира конкретни примери при дефинирање на претприемачкиот процес. |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | • издвојува и анализира информации за  поимите претприемач, претприемништво, претприемачки процес, глобализација и бизнис околина;<br>• анализира примери за претприемачко однесување;<br>• пишува краток текст/статија за успешен претприемач во локалната заедница;<br>• самостојно донесува заклучоци за важноста и придонесите на претприемачот. |

| Тема 3: Производствени и услужни процеси - Создавање на вредност | |
|---|---|
| **НИВО** | **СТАНДАРДИ** |
| **ПОМНЕЊЕ** | Ученикот/ученичката:<br>• го дефинира поимот бизнис;<br>• ги познава потребите и можностите за бизнис;<br>• ја познава улогата и значењето на бизнисот во локалната заедница/општеството;<br>• ги познава поимите иновации и креативност;<br>• ги познава креативноста и иновативноста како предуслов за иновација;<br>• ги познава основните фактори на производство;<br>• ги идентификува поимите производ и услуга;<br>• препознава техники за генерирање на претприемачки идеи. |
| **РАЗБИРАЊЕ** | • Ја разбира потребата од почнување на бизнис;<br>• дава примери за потреби и можности за почнување на бизнис;<br>• ја разбира потребата и значењето на воведување на иновации;<br>• ги разбира иновациите како основа за економски развој;<br>• дава примери за видови на производствени и услужни процеси;<br>• го разбира значењето на претприемачката идеја;<br>• ги разбира техниките за генерирање на идеи/креативно мислење. |
| **ПРИМЕНА** | • Применува новоусвоени поими и изрази од темата „Производствени и услужни процеси – Создавање на вредност“;<br>• употребува извори на информации за дискусија за потребите и можностите за почнување на бизнис;<br>• презентира конкретни примери за креативност, инвентивност и иновации;<br>• употребува извори на информации за дискусија за основните видови производствени и услужни процеси;<br>• применува техники загенерирање и селектирање на претприемачки идеи. |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | • Издвојува и анализира информации за можностите за отворање на бизнис;<br>• издвојува и анализира информации за помите производ, услуга и процес;<br>• самостојно донесува заклучоци за важноста и придонесот од воведувањето на иновации;<br>• дискутира за развојот на претприемачката идеја;<br>• самостојно донесува заклучоци за важноста на претприемачките идеи. |

| Тема 4: Основи на финансиска писменост, маркетинг и продажба | |
|---|---|
| **НИВО** | **СТАНДАРДИ** |
| **ПОМНЕЊЕ** | Ученикот/ученичката:<br>• го дефинира поимот пари;<br>• ги познава поимите финансии и финансирање;<br>• идентификува извори на финансирање (сопствени и туѓи);<br>• ги познава поимите буџет, приход, трошоци, профит;<br>• познава едноставни калкулации на трошоци, приходи и профит;<br>• го дефинира поимот маркетинг;<br>• ја познава улогата на маркетингот;<br>• ги познава поимите производ, бренд, цена, промоција, дистрибуција;<br>• идентификува различни маркетинг активности;<br>• идентификува различни видови на продажби. |
| **РАЗБИРАЊЕ** | • Ја разбира важноста од правилно управување со парите;<br>• ги разбира начините на плаќање;<br>• дава примери за сопствени и туѓи извори на финансирање;<br>• ги разбира важноста и придобивките од буџетирањето;<br>• дава пример за едноставен буџет (семеен, одделенски, училишен и сл.);<br>• ја разбира неопходноста од маркетингот;<br>• ги разбира основните инструменти на маркетингот;<br>• дава пример за маркетиншки стратегии на успешни компании (домашни или меѓународни);<br>• ја разбира улогата и важноста на интернет маркетингот;<br>• објаснува различни видови на продажби;<br>• го разбира значењето на изборот на вистинска продажба на производот/услугата. |
| **ПРИМЕНА** | • Применува новоусвоени поими и изрази од областа на финансиската писменост;<br>• употребува извори на информации за дискусија и презентирање на изворите на финансирање;<br>• употребува извори на информации за дискусија и презентирање на основните елементи на буџетирањето;<br>• применува едноставни калкулации на трошоци, приходи и профит;<br>• применува новоусвоени поими и изрази од областа на маркетингот;<br>• употребува извори на информации за дискусија за основните инструменти на маркетингот; |

| | |
|---|---|
| | • применува интернет маркетинг алатки за производи/услуги;<br>• употребува извори на информации за дискусија и презентирање на различни видови на продажби;<br>• презентира конкретни примери за различни видови на продажби. |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | • Прибира, анализира и интерпретира информации за правилно управување со парите;<br>• прибира, анализира и интерпретира информации за изворите на финансирање;<br>• прибира, анализира и интерпретира информации за буџет и буџетирање;<br>• решава вежби за изготвување на едноставни буџети;<br>• самостојно ги проценува резултатите од донесување на финансиска одлука.<br>• прибира, анализира и интерпретира информации од опкружувањето важни за развој на маркетиншка стратегија/маркетинг план;<br>• самостојно донесува заклучоци за значењето на маркетингот;<br>• издвојува и анализира информации за продажба на производи/услуги. |

| Тема 5: Развој на комуникациските вештини – Што научив? | |
|---|---|
| **НИВО** | **СТАНДАРДИ** |
| **ПОМНЕЊЕ** | Ученикот/ученичката:<br>• ја познава важноста да се биде претприемач;<br>• ја познава важноста од презентирањето на утврденото претприемачко знаење и вештини;<br>• ја познава важноста од тимската работа,<br>• ја познава важноста од јавно претставување на својот личен развој, амбициите и идните кариерни цели. |
| **РАЗБИРАЊЕ** | • Ја разбира важноста на правилното презентирање на претприемачкото знаење;<br>• ја разбира важноста на тимската работа;<br>• дава примери за планирање и организирање на настани на кои се применуваат претприемачките вештини и однесувања. |
| **ПРИМЕНА** | • Го употребува наученото претприемачко знаење и искуства при директни примери на претприемачко однесување;<br>• користи информации за планирање и организирање на настани во училиштето или во локалната заедница;<br>• планира, организира и презентира настани на кои се споделува претприемачкото знаење. |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | • Прибира, анализира и интерпретира информации од организираните настани во училиштето или во локалната заедница;<br>• самостојно донесува заклучоци за успешното планирање, организирање и презентирање на настаните во училиштето или во локалната заедница;<br>• самостојно донесува заклучоци за значењето на претприемачкото знаење. |

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата по ***иновации*** се препорачува формативно и сумативно следење на постигањата на учениците во рамките на наставните теми кое вклучува:

- усно и писмено проверување;
- изработка и водење на портфолио на учениците: собирање на показатели (ученички проекти, индивидуални практични задачи, извештаи за реализирани активности на ученикот, изработена конкретна документација, индивидуални домашни задачи) за придонесот на секој ученик посебно;
- тековни (формативни) однапред подготвени евалвациони листи за секој ученик посебно кои се изработуваат според неговата конкретна активност.

Ученикот се оценува бројчено.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за основните училишта.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по *иновации* за IX одделение на деветгодишното основно образование може да ја изведува само лице кое исполнува еден од следниве услови:

- Завршени студии по економија VII/1 степени на акредитираните универзитети во РМ или во странство со домашна акредитација, со соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка;
- Завршени студии од областа на економијата по Европски кредит трансфер систем (240 ЕКТС), на акредитираните универзитети во РМ или во странство со домашна акредитација, со соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка.
- Завршени студии за наставници други студии VII/1 или (240 ЕКТС), со соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка, на акредитирани високообразовни установи во РМ или во странство со домашна акредитација, со соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка, со сертификат за завршена обука за иновации и претприемништво.

## 9. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: **01.09.2015 година**

## 10. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *иновации* за IX одделение на деветгодишното основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди министерот за образование и наука

**МИНИСТЕР**

**бр. 12-8750/1**
**17.04.2015 година**

________________________________
**Abdilaqim Ademi**

Изготвил: работна група, координатор Валентина Гоцевска, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор